**20121563746**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 76 став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12 и 80/12), министерот за транспорт и врски, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ГРАДБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ, ИНСТАЛАЦИИ И УРЕДИ ВО ЗОНАТА НА АЕРОДРОМОТ, ОБЈЕКТИ И УРЕДИ ЗА КОНТРОЛА НА ЛЕТАЊЕТО, И ОБЈЕКТИ НАДВОР ОД ЗОНАТА НА АЕРОДРОМОТ КОИШТО МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ЗОНАТА НА АЕРОДРОМОТ И ЗЕМЈИШТЕТО ВО НЕГОВА НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА

Член 1

Во Правилникот за условите за поставување, градба и обележување на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот, објекти и уреди за контрола на летањето, и објекти надвор од зоната на аеродромот коишто можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка на земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во негова непосредна близина („Службен весник на Република Македонија“ бр130/07), во членот 2 се додава нов став 2 кој гласи:

„Поставувањето и градбата на објекти во зона на аеродром на водена површина се врши согласно стандардите и препорачаните практики содржани во документот од став 1 на овој член а кои се однесуваат на аеродроми за визуелно летање со коден број 4.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-23808/1
3 декември 2012 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.